АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 08-04-2022

| Орг. единица Njësia org. | Број Numer | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| --- | --- | --- | --- |
| 10 | 1634 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот:** 22 март 2022 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 8 април 2022 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум);
   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Информации достапни за корисниците);
   - **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година);
   - **Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Идентификација на радиодифузер).
6. **Претходно изречена мерка:/**
7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД АЛСАТ - М ДОО Скопје, емитуван на 22 март 2022 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на член 14 од Законот за медиуми.**

Во дел од програмите емитувани на 22 март 2022 година, не се објавени податоците со кои: се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудиовизуелните содржини, за носителот на авторските права, за одговорниот уредник / уредниците на програмите, за потеклото и за датумот на продукција на аудиовизуелните дела, името на медиумот од каде што е преземена содржината итн., што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Имено, спротивно на точка 5 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците, ниту во текот на дневно-информативната програма „Вести“, ниту на одјавна шпица, не беа објавени податоците за импресумот - авторската, реализаторска екипа, име и презиме на новинарот авторот на објавениот прилог, име и презиме на другите лица со значаен ангажман во изработката на прилогот (снимател, монтажер и сл.), податоците за уредништвото и за датумот на продукцијата.

**22.3.2022**

| **Наслов на емисијата** | **Период на емитување** | | **Опис на прекршувањето** |
|---|---|---|---|
| | **почеток** | **крај** | |
| **„Вести“** | 08:31:11 | 08:42:07 | Во дневно-информативната програма “Вести’, не беа објавени податоците за импресумот. |

Спротивно на точка 10 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците *(кога емитува програми од туѓо производство, телевизијата треба да ја емитува оригиналната шпица)*, во програмата „Just for laughs-Gags“, не се објавени податоци за импресум, односно не е емитувана оригиналната шпица на програмата.

**22.3.2022**

| **Наслов на емисијата** | **Период на емитување** | | **Опис на прекршувањето** |
|---|---|---|---|
| | **почеток** | **крај** | |
| „Just for laughs-Gags“ | 11:44:53 | 11:59:23 | Во програмата од туѓо производство не е емитувана оригиналната одјавна шпица. |

## 8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на член 14 од Законот за медиуми**, телевизискиот програмски сервис на ТРД АЛСАТ - М ДОО Скопје, на 22 март 2022 година, во дел од емитуваните програми, не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

## 9. Предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје, и во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми; и
- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во

целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***